45047



**Во Музејот на современата уметност поставена е изложба од богатата музејска колекција. Тоа е избор на дела од познатата бразилска графичарка Марија Бономи. Нејзините графики се донирани во далечната 1966 година**

# „Гестуален апстракционизам“




„Извонредната донација од 20 дрворези на Марија Бономи, со својата димензија и јазик ја истакнуваат валидноста на „гестуалниот апстракционизам“ и ја промовираат во урбан уметник чија основна идеја е да биде во постојан дијалог со реципиентот“, истакнува, меѓу другото кустосот Захаринка Алексоска-Бачева.

„Уште од нејзиниот творечки почеток и првата самостојна изложба во Њујорк (1958 година), ликовната критичарка Дора Ештон во почетните творби на Бономи ќе открие вистинска инвентивност во истражувањето на белото врз црното, сигурна техника со еден експлицитен израз. Совладувајќи ги можностите на инструментите и вистинските својства на дрвото, нејзиниот израз во дрворезите добива во сила и афирмативност...“

„За неа графиката е црно-бела, а бојата доаѓа како придружна музика. Во белото го наоѓа инстиктот, а црните и обоени маси ѝ служат за изнаоѓање на форми кои претендираат на монументалност“, подвлекува Бачева.

Инаку, според зборовите на директорот на МСУ, Зоран Петровски, бразилската колекција е една од најбогатите од збирката на странски дела во Музејот. „Оваа изложба на Марија Бономи е прво целосно претставување на нејзините графики и е, може да се рече, предвесник на изложбата на дела од бразилски автори што ја планираме во блиска иднина. Тоа што се одлучивме токму на избор од бразилски автор не е случајно, бидејќи бразилската уметност доживува реафирмација, па така бев сведок на изложба, исто така, на бразилска колекција во САД“, потенцира Петровски.

*Г. Томовски*



1504